**Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari**
**Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut**

**Бр- No-Nr. _09_-_199_/_6_**
**_17.04._2025 год- berš-viti**
**СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ бр. 5/2002") и член 45 став 1 точка 12 од Статутот на општина Шуто Оризари („Сл.Весник на општина Шуто Оризари бр.1/97"), Правилникот за начинот , критериумите и постапката за доделување финансиски средства на спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани на општина Шуто Оризари за 2025 година, како и Записникот од Комисијата за разгледување на пријави и доделување на финансиски средства од областа на спор, култура и социјална заштита, Градоначалникот на општина Шуто Оризари на ден ______.2025 година, донесе:

# РЕШЕНИЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА

1. Се определуваат средства во износ од **250.000,00** МКД, за реализација на проектните активности за реализација на спортски активности согласно поднесената Пријава под деловоден број **03-199/2** од **28.03.2025** година, од страна на **Здружение на граѓани Фудбалски клуб НАПРЕДОК 65 – Шутка - Скопје**, ул.**„Брсјачка Буна" бр.131**, ЕДБ **4086010500822** с-ка **210066313550136**, банка депонент **НЛБ Банка АД Скопје**.
2. Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на Јавниот повик од Програмата за спорт распределба на средства од Буџетот на општина Шуто Оризари за 2025 година во општина Шуто Оризари, под деловоден број 09-199/1 од 24.03.2025 година, се достави **ПРИЈАВА** од **Здружение на граѓани Фудбалски клуб НАПРЕДОК 65 – Шутка - Скопје**, ул.**„Брсјачка Буна" бр.131**, ЕДБ **4086010500822**. Пријавата се разгледа од страна на Комисијата за разгледување на пријави и доделување на финансиски средства од областа на спорт, култура и социјална заштита, и согласно предвидените услови во Правилникот за начинот, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства, даде предлог до Градоначалникот на општина Шуто Оризари дека Корисникот **Здружение на граѓани Фудбалски клуб НАПРЕДОК 65 – Шутка - Скопје**, ги исполнил условите во Јавниот Повик, и согласно предвидените услови, истиот е бодиран со вкупно **90 бодови**. Определниот износ е во согласнот со планираните средства во Буџетот на општина Шуто Оризари, и секако во согласнот со плановите за работа на општина Шуто Оризари од областа на спортот. Постапувајќи по горенаведеното, Градоначалникот на општина Шуто Оризари, согласно целокупната документација како и предлогот на Комисијата, одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:**

Незадоволната страна има право на жалба до општина Шуто Оризари во рок од 5 дена од денот на приемот на ова решение.

**Доставено до:**

- Архива
- Подносителот на барањето

**Градоначаник на општина Шуто Оризари**
**Курто Дудуш**

---------------------------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ-SKOPJE
REPUBLIKA SEVERNA MAKEDONIJA
ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ * ГРАДОНАЧАЛНИК
KOMUNA ŠUTO ORIZARI
DIZJAKORO ŠERUTNO

Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari
Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut
Бр- No-Nr. 09-199/7
17.04.2025 год- berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

Здружение на граѓани Фудбалски клуб
ФК НАПРЕДОК 65-ШУТКА
Бр 0302-3/25
22.04 2025 год.
Шуто Оризари, Скопје

# ДОГОВОР

**Склучен на ден _____________ година, во Скопје , помеѓу:**

1. **Општина Шуто Оризари ,** со седиште на адреса на ул.„Хаџи Јован Шишко“ бр.36,Скопје РСМ, застапувана од Градоначалникот Курто Дудуш **(во понатамошниот текст: општина Шуто Оризари)**
**и**
2. **Здружение на граѓани Фудбалски клуб НАПРЕДОК 65 – Шутка - Скопје** со седиште на ул. **„Брсјачка Буна“ бр. 131** , Скопје РСМ со ЕДБ **4086010500822** и ЕМБ **6631355** застапувано од одговорното лице Фадиљ Џемаиљ **(во понатамошниот текст: Корисник)**

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој Договор е уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни по основ на финасирање за реализација на активностите од Проектот **„Фудбал за иднината: Спортски развој и инклузија во Шуто Оризари“** ( во понатамошниот текст: Проектот).

Овој Договор се реализира согласно Програмата за активностите во областа на спортот, во општина Шуто Оризари , за 2025 година, како и Правилникот за начинот , критериумите и постапката за доделување финансиски средства на спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани на општина Шуто Оризари за 2025 годинаи Јавниот Повик за доделување на средства од областа на спортот.

**ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

Вкупната средност на овој Договор изнесува **250.000,00** МКД ( со зборови : двеста и педесет илјади денари ), со вклучен ДДВ.

Финансиските средства од став 1 од овој член ќе се исплатат на жиро сметка **210066313550136** ,што се води при **НЛБ Банка АД Скопје**, и со ЕДБ **4086010500822**.

Финансиските средства ќе бидат искористени за:

- Спроведување на проектните активности согласно поднесената пријава под деловоден број **03-199/2** од **28.03.2025** година.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 3**

Овој Договор се склучува во времетраење до завршување на проектните активности или до исцрпување на одобрените финансиски, и неможе да предизвикува пренесување на обврските по истекот на завршените активности.

Времетраењето на овој Договор е определено во согласност со важноста на Програмата од член 1 на овој Договор како и согласно можноста за извршување на предвидените средства на буџетот на општина Шуто Оризари за 2025 година.

**НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ**

**Член 4**

Средствата од член 2 на овој Договор ќе бидат исплатени суксецивно односно со самото потпишување 50% од одобрениот износ и потоа сукцесивно 30% по одбрување на првиот доставен извештај за работа и 20% по доставување на финалниот извештај за работа, во рок од 8 дена по поднесувањето на извештаите.

Краен рок за доставување на комплетната финансиска документација и конечен извештај преку Архивата на општина Шуто Оризари до Одделението за финансиски прашања е **05.12.2025** година.

Извештајот треба да соддржи наративен и финансиски дел и спецификација на трошоци.

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ**

**Член 5**

Корисникот ги има следните права и обврски:

- Да го реализира предметот на овој Договор, утврден во членот 1 од овој Договор;

- Предвидените активности од Проектот, да ги извршува навремено, проефесионално, совесно и одговорно, соглсасно деталниот опис и буџетот, како и согласно овој Договор;

- Во сите печатени материјали и на WEB страната поврзани со активностите од Проектот на видливо место, да биде испечатен грбот на општина Шуто Оризари, а при јавните настани да наведе дека проектините активности се поддржани и финансирани од општина Шуто Оризари;

- Да доставува извештаи ( наративен, финансиска документација и спецификација на трошоци ) од извршената услуга ( активност ), сметано од денот на потпишувањето на овој Договор, заклучно со **05.12.2025** година;

- Да достави конечен извештај по реализација на Проектот во рок од 15 дена;

- Писмено да ја извести општина Шуто Оризари, пред денот на отпочнување на реализација на секоја од активностите од Проектот, најдоцна 10 (десет) дена пред започнувањето;

- Да ги почитува законските прописи и процедури( стандарди, нормативи, јавни набавки и сл.);

- Средствата од општина Шуто Оризари, да ги користи наменски и рационално;

- Да достави најава/информација до општина Шуто Оризари, 10 (десет) дена пред оддржување на настани од јавен карактер;

- Корисникот е должен на општина Шуто Оризари да му овозможи целосно и непречн увид во реализација на активностите од Проектот.

Извештајот треба да соддржи наративен, финансиски дел и спецификација на трошоци. Наративниот дел треба да соддржи опис на реализираните активности, како и анализана постигнатите ефекти од нив, фото и видео документација на CD и примероциод печатени материјали по основ на реализација на програмските активности со приложени копии од сите фактури, договори и сметки.

**ПРАВА ОБВРСКИ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ**

**Член 6**

Општина Шуто Оризари , ги има следните права и обврски:

- Да дава упаства, насоки, предлози и сугестии на Корисникот во врска со реализацијатана активностите од Проектот;

- Да врши контрола на наменско и законито користење на доделените средства;

- Да му ја исплати договорената вредност по прифаќање на наративниот извештај, спецификација на трошоци и финансиска документација во согласност со одредбите дефинирани со член 4 од овој Договор;

- Да определи стручно лице кое ќе врши координација и контрола помеѓу општина Шуто Оризари и Корисникот.

**Член 7**

Општина Шуто Оризари е должна да изврши проверка на наративните извештаи, спецификација на трошоци и финансиска докуемнтација за реализација на активноститем, изготвени од страна на Корисникот, и на истите да даде забелешки по писмен пат до Корисникот во рок од 10 ( десет) дена од денот на приме.

Корисникот е должен да постапи според забелешките и барањата на општина Шуто Орзари во рок од 10 ( десет ) дена о денот на добивањето на забелечките за периодичните извештаи и комплетната финансиска документација, без право на посебен надоместок.

Доколку Корисникот не постапи согласно забелешките и барањата на општина Шуто оризари во определениот рок, тогаш општина Шуто Оризари нема да ја исплати предвидената сума за реализирање на активностите.

Доколку не бидат доставени забелешки до Корисникот во рок од ставот 1 на овој член, ќе се смета дека извештаите се прифатени.

Општина Шуто Оризари има право да побара враќање на финансиските средства доколку Корисникот не ги исполнил обврските од член 5 од овој Договор.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 8**

Во случај на неисполн ување на обврските од овој Договор на едната од соговорните страни, другата договорна страна може да бара исполнување на обврските или да го раскине овој Договор.

Договорната страна која го раскинува овој Договор е должна за тоа писмено да ја извести другата договорна страна.

**Член 9**

Договорните страни се согласија дека во случај на еднострано раскинување на овој Договор од страна на Корисникот или неисполнување на неговите обврски, општина Шуто Оризари има право на надомест на сите трошоци што се во врска со предметот на овој Договор, какои на надомест на штета и поврат на средствата за исплатените, а нереализирани активности.

**Член 10**

Договорните страни се согласно дека општина Шуто Оризари има право да го раскине овој Договор, да бара враќање на доделените средства и на Корисникот да не му ги испалти финансиските средстваод член 2 став 1 на овој Договор, доколку Корисникот:

- Не ги реализира активностите кои се предмет на овој Договор, согласно член 5 став 1 од овој Договор;
- Не достави финансиски и наративен извештај и спецификација на трошоци за текот на реализацијата на активностите, во роковите утврдени во член 5 од овој Договор;
- Ненаменски ги користел средствата за реализација на активностите кои не се наведени во овој Договор, согласно член 5 од овој Договор.

Во случаите од став 1 од овој Договор, општина Шуто Оризари едностраноги раскинува овој Договор.

Доколку поради воведување на вонредна состојба или друга ситуација, Корисникот не ги реализира активностите во целост до ситекот на рокот утврден во овој Договор, општина Шуто Оризари нема да ги одобри финансиските средства предвидени во овој Договор за активностите кои не се реализирани и има право да го раскине овој Договор.

**Член 11**

Во случај на непредвидени и објективни околности со кои с еменуваат потребите на општина Шуто Оризари, акои настанале по склучување на овој Договор и заради кој овој Договор не може да се реализира, како и во случај на непредвидени промени во Буџетот на општина Шуто Оризари, општина Шуто Оризари има право да го раскине овој Договор.

Општина Шуто Оризари има право поради променети околности кои може да настанат по склучување на овој Договор да го раскине истиот , доколку настанат околности што го отежнуваат исполнувањето на

обврската или ако не може да ја оствари целта поради која го склучил овој Договор.

Општина Шуто Оризари има право да го раскине овој Договор и поради вонреден настан ( поплава, земјотрес, пожар, кризна состојба, вонредна состојба и сл. ), кој се склучил по склучување на овој Договор, а пред пристигнување на обврската што не можел да се предвиди, а за кој не е одговорна ниту една од договорните страни.

Во случаите од претходните ставови на овој член, договорните страни се согласни дека Корисникот нема право на надоместна штета и надомест на трошоцишто се во врска со предметот на овој Договор.

Во случаите од став 1, 2 и 3 од овој член Корисникот има право да си ги наплати побарувањата по основ на реализирани активности до моментот на настанување на некоја од околностите од овој член, утврдена како причина за раскинување на овој Договор.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 12**

Сите евентуални спорови договорните страни ќе ги решат спогодбено, а доколку тоа не е можно, ќе ги решава надлежен суд во Скопје.

**Член 13**

Можните измени, настанати по склучување на овој Договор, договорните страни ќе ги договараат спогодбено и писмено ќе ги приклучат кон овој Договор со Анекс-Договор.

**Член 14**

За се што не е предвидено со овој Договор, важат одредбите од Законот за облигационите односи.

**Член 15**

Овој Договор влегува во сила со денот на неговото потпишување од страна на овластените лица на договорните страни.

**Член 16**

Овој Договор е составен во 6 ( шест ) еднообразни примероци од кои 3 ( три ) за општина Шуто Оризари и 3 ( три ) за Корисникот.

| Општина Шуто Оризари<br>Градоначалник<br>Курто Дудуш | Корисник<br>Здружение на граѓани Фудбалски клуб<br>НАПРЕДОК 65 – Шутка - Скопје<br>Одговорно лице<br>Фадиљ Џемаиљ |
|---|---|